**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 77/21) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13 и 13/14), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 23.05.2023
Орг. единица Njësia org. 03 | Број Numër 2203 | Прилог Shtesë 1 | Вредност Vlerë

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Трговско Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје

3. **Датум на извршување на надзорот:** 23 мај 2023 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши за да се констатира дали радиодифузерот постапил по Решението за преземање мерка - јавна опомена, упатено од страна на Агенцијата по извршен редовен административен надзор. Редовниот надзор на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје беше извршен на 24.04.2023 година и со него беше констатирано дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 15 став 3 од Законот за медиуми, според која радиодифузерите се должни податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично) да ги објават на сопствената програма, најмалку три пати годишно, во ударни термини и снимка од објавата да достават до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рок од 15 дена од денот на објавувањето. Согласно Правилникот за начинот на објавување на податоците за работењето на радиодифузерите („Службен весник на Република Македонија” бр. 30/15), радиодифузерите се должни овие податоци првиот пат да ги објават најдоцна до 31 март.

5. **Претходно изречена мерка:** Решение за преземање мерка - јавна опомена бр. 03-191 од 22.05.2023 година, по спроведен редовен административен надзор на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје (Писмен извештај за извршен административен надзор бр. 03-1891/1 од 24.04.2023 година).

6. **Констатации од надзорот:** На 28.04.2023 година, Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје во Агенцијата достави снимка од објавата на податоците, од која е видно дека радиодифузерот ја исполнил во целост обврската од член 15 став 3 од Законот за медиуми.

***Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права***